АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 18.07.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3611 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јуни 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 јули 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 4 јуни 2019 година, на регионално ниво, **констатирани се прекршувања на членот 98, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*услови за рекламирање и телешопинг*), односно на **членот 14, став 4 од Правилникот за нови рекламни техники** (*рекламирање на поделен екран*).

Во изданието на емисијата *„Вип на еден ден“* - емитувано на 4 јуни 2019 година, емитувано е рекламирање на поделен екран, но така што меѓу две (поп-ап) реклами на поделен екран не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути. Според член 14 став 4 од Правилникот, меѓу две вметнувања реклами на поделен екран, треба да помине период од најмалку 15 минути.

| **Наслов на емисијата** | **Почеток на емитување** | **Крај на емитување** | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| **„Вип на еден ден“** | **04:44:16** | **05:18:48** | |
| **поп-ап реклами** | | | Во емисијата не беше почитувана обврската – меѓу две поп-ап реклами да помине период од најмалку 15 минути. |
| *Aris / Legnino* | 05:13:32 | 05:13:41 | |
| *Avto Cajka* | 05:14:07 | 05:14:28 | |
| *Linea* | 05:14:30 | 05:14:38 | |
| *Sara fashion* | 05:15:11 | 05:15:18 | |
| *Swisslion* | 05:15:21 | 05:15:28 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники**, на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 4 јуни 2019 година, во емисијата *„Вип на еден ден“* - емитувани се поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути.

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето

работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за нови рекламни техники; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***